РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16-та Македонска бригада“, бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура
и екоинженеринг „Ханс Ем“
Бр. 03-19/2
08.01 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/2020), член 2 точка 1 и точка 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2016) и член 63 став Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020), деканот на Факултетот донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за назначување на овластено лице за прием на пријави заради заштитено внатрешно пријавување

1. Се назначува лицето **проф. д-р Ирена Папазова Анакиева**, редовен професор на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Овластеното лице е должно да постапува по примена пријава согласно Законот за заштита на укажувачи, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување на Факултетот, со почитување на утврдените процедури за внатрешно пријавување, обезбедување доверливост и заштита на личните податоци и идентитетот на укажувачот, како и навремено информирање на укажувачот за преземените мерки во законски утврдениот рок.

3. Факултетот обезбедува услови за непречено вршење на работите од страна на овластеното лице, согласно Законот, подзаконските акти и Правилникот за заштитено натрешно пријавување на Факултетот.

Правна поука: Лицето има право на жалба до Деканатска управа при УКИМ Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје во рок од 8 дена од денот на приемот на решението

Доставено до: проф. д-р Ирена Папазова Анакиева, персонално досие и архивата на Факултетот.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје * Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ * Република Северна Македонија * СКОПЈЕ *

декан

проф. д-р Никола Николов